ООУ,,Манчу Матак" - Кривогаштани

Процедура за поддршка на учениците

1.Превенција и заштита од насилство

Создавањето безбедна, здрава и поддржувачка училишна средина претставува континуиран процес кој обезбедува физичка, психолошка и социјална сигурност на сите ученици. Оваа средина овозможува непречен развој, учење и градење позитивни вредности.

Во училиште се забранува секаков вид на насилство над ученик, направено од друг ученик, наставник или друг вработен во основното училиште или родител на ученик во основното училиште.

Улоги и одговорности во случај на насилство кој кога и на кој начин интервенира:

Дежуреннаставник

• Дежура
• Воочува и пријавуваслучајнанасилство
• Пријавува кај контакт лицата за насилство
• Гоизвестувараководителотнапаралелката
• Гиизвестувастручнитесоработници

Одделенскиотраководител:

• Говоочуваслучајотнанасилство и реагираведнаш
• Госпречуванасилството
• Разговарасоучесниците
• Гиинформирародителите и гиповикуванаразговор
• Попотребасоработувасостручнитесоработници
• Гиследирезултатитеодпреземенитемерки

Стручнитесоработници:

• Гивоочуваатслучаитенанасилнооднесување и веднашреагираат
• Гоизвестуваатраководителотнапаралелката и соработуваат
• Попотребаразговараатсородителот
• Предлагаатмеркизазаштита
• Гиследатефектите
• Попотребасоработуваатсодругиустанови
• Гоевидентираатслучајот

Учениците:

• Воочуваатслучаинанасилнооднесување
• Бараатпомошоднаставницитеилистручнитесоработници
• Пријавуваткајодделенскиотраководителилистручните соработници
• Пријавуваат кај контакт лицата за насилство

Психолошката безбедност во училиштето претставува состојба во која учениците се чувствуваат прифатени, почитувани и слободни да ги изразат своите мислења, емоции и потреби без страв од исмевање, дискриминација или казна. Таа е клучен предуслов за здрав емоционален развој, успешно учење и градење позитивни меѓучовечки односи.

Училиштето активно работи на создавање средина во која се негуваат доверба, емпатија, толеранција и меѓусебна поддршка. Наставниците и стручната служба имаат важна улога во препознавање на емоционалните потреби на учениците и навремено реагирање при појава на стрес, анксиозност, повлеченост или агресивно однесување.

Во насока на обезбедување психолошка безбедност се спроведуваат следниве активности:

- поттикнување отворена и ненасилна комуникација
- организирање работилници за емоционална интелигенција и справување со конфликти
- обезбедување индивидуална и групна поддршка за учениците
- градење позитивна училишна клима базирана на почит и еднаквост
- воспоставување доверливи канали за пријавување проблеми

Посебно внимание се посветува на заштита на учениците од врсничко насилство, како и на поддршка на учениците кои се изложени на ризик. Се применува индивидуален пристап и се поттикнува активна соработка со родителите со цел навремено и ефикасно решавање на проблемите

Со континуирано следење и унапредување на психолошката безбедност, училиштето создава услови за развој на самодоверба, чувство на припадност и позитивна слика за себе кај учениците

Законот за основно образование предвидува обврска на основните училишта да постапуваат во случаи на насилство над ученици/чки, да преземаат мерки за заштита на ученици жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција од насилство а тоа се прави со строго почитување и реализација на **Правилникот за начин за пријавување на ученик –жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување издаден од МОН и Интерен акт – правилник за пријавување насилство**

Контакт-лице за пријавување насилство:
Анета Гулабоска –Психолог
Заменик контакт-лице за пријавување насилство:
Дијана Каравилоска –наставник
Email:nasilstvoprijavi@gmail.com

Училиштето работи според **п р а в и л н и к за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција издаден од МОН преку кој се реализираат следните програми:**

- програмите за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање;
- програмите за спречување на дискриминација;
- програмите за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанции и
- програмите за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција во основните училишта.

2. Спречување дискриминација

Основното училиште е место каде учениците учат не само академски знаења, туку и основни животни вредности, како што се почитта, толеранцијата и прифаќањето на различности. Секоја форма на дискриминација – по пол, етничка припадност, религија, социјален статус или способности – ја нарушува безбедноста и довербата во училиштето и создава пречки за нормален развој на детето. Затоа, спречувањето на дискриминација е една од најважните задачи на училиштето.

Превенцијата почнува со создавање инклузивна училишна клима. Учениците треба да се едуцираат за различности, да учат како да комуницираат со емпатија и да решаваат конфликти без насилство.

Наставниците и стручните соработници играат клучна улога во раното препознавање на дискриминаторско однесување и навремена интервенција. Разговорите со учениците, како и со нивните родители, се неопходни за поддршка на жртвите и корекција на однесувањето на оние кои вршат дискриминација.

Покрај интервенцијата, училиштето активно ги вклучува учениците во позитивни активности кои поттикнуваат соработка и меѓусебно почитување. Кампањите, работилниците и групните активности за инклузија помагаат да се изгради чувство на припадност и да се намали стравот од различност. Соработката со локални организации и граѓански иницијативи дополнително ја зајакнува поддршката за децата и нивните семејства.

Активности кои можат да се реализираат во училиштето

- Изработка на постери со пораки против дискриминација
- Пишување есеи или кратки приказни на тема толеранција
- Цртање/уметнички изложби „Сите сме исти“
- Ден на различности
- Учество во донесување училишни правила
- Средби со наставници за предлагање идеи
- Ученички парламент со фокус на инклузија

Спречувањето на дискриминацијата во училиште не е само обврска, туку и одраз на општествена одговорност. Со доследно спроведување на превентивни мерки, социјална поддршка и едукација, училиштето создава безбедна, пријателска и инклузивна средина каде секој ученик се чувствува ценет и сигурен, и има можност да расте како личност, слободно и еднакво со своите врсници.

3. **Заштита од пушење ,алкохол и дрога во училиштето**

Заштитата на учениците од пушење, алкохол и употреба на дрога претставува важен сегмент од воспитно-образовната работа и е насочена кон зачувување на нивното физичко и ментално здравје. Училиштето има обврска да создаде средина која промовира здрави животни навики и ги минимизира ризиците од појава на зависности

Во таа насока, се спроведуваат континуирани превентивни активности кои имаат за цел да ја зголемат свесноста кај учениците за штетните последици од употребата на психоактивни супстанции. Преку едукативни работилници, предавања и кампањи, учениците се информираат за негативното влијание врз здравјето, однесувањето и академскиот успех.

Училиштето посебно внимание посветува на развивање на животни вештини кај учениците, како што се донесување одговорни одлуки, справување со притисок од врсници, самоконтрола и градење самодоверба. Овие вештини се клучни за превенција од ризично однесување.

Во случај на сомнеж или појава на употреба на цигари, алкохол или дрога, училиштето постапува на следниот начин:

- навремено препознавање на ризично однесување
- разговор со ученикот
- вклучување на стручната служба
- известување и соработка со родителите

- обезбедување соодветна поддршка и советување
- превземање соодветни мерки
- следење на ученикот

Училиштето соработува со релевантни институции и организации со цел обезбедување стручна помош и поддршка кога тоа е потребно.
Со доследно спроведување на овие мерки, училиштето придонесува кон создавање здрава и безбедна средина, во која учениците развиваат позитивни навики и одговорен однос.

4. Превенција на учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција во основно училиште

Основното училиште не е само место за стекнување на знаење, туку и средина каде се учат важни животни вредности и се развиваат способности за одговорно однесување. Една од современите предизвици е спречување на учество на учениците во игри на среќа и други форми на малолетничка деликвенција, кои можат да имаат долгорочни негативни последици врз нивниот развој, образование и социјален живот.
Превенцијата започнува со едукација. Учениците треба да бидат информирани за ризиците од игри на среќа, коцкање и деликвентни активности, како и за последиците што тие можат да ги имаат врз нивниот успех и здравје. Наставниците, стручната служба и надлежни институции организираат предавања, работилници и интерактивни активности кои поттикнуваат критичко размислување и свесно одбивање на ризични активности.

Исто така, важен дел од превенцијата е развивањето на животни вештини кај учениците. Учење за самоконтрола, донесување одговорни одлуки и отпорност на притисок од врсници, помагаат децата да се справат со искушенијата и да изберат безбедни и здрави активности. Понатаму, поттикнувањето на спортски, културни и креативни активности нуди позитивни алтернативи за слободното време на учениците и ги одвраќа од ризично однесување.

Родителите исто така играат важна улога. Континуираната комуникација, поставувањето граници и активното учество во животот на детето се основа за поддршка и контрола. Соработката на училиштето со родителите, локалните институции и граѓанските организации ја зајакнува ефикасноста на превентивните програми и овозможува создавање на целосен систем за заштита на децата.

Превенцијата на учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција е долгорочен процес кој бара континуирана едукација, поддршка и соработка. Кога училиштето, семејството и заедницата делуваат заедно, се создава безбедна и поддржувачка средина во која учениците можат да растат здраво, одговорно и самоуверено, стекнувајќи вештини и вредности кои ќе ги водат низ животот.

Ако веќе некој ученик пристапил кон игри на среќа или малолетничка деликвенција учелиштето ги превзема следните активности:

- Едукација за ризиците од коцкање
- Вклучување во спорт, уметност и други хобија
- Поддршка од наставници и родители
- Отворен разговор без осудување
- Помош од стручни соработници или наставник
- Вклучување на родителите
- Постепено откажување и замена со здрави активности
- Евидентирање на случајот
- Учење како да се носат одлуки и да се одолее на притисок
- превземање соодветни мерки

Колку порано се започне со едукација и поддршка, толку се помали шансите учениците да развијат зависност.

5.Квалитетна храна

Согласно Законот за Основно образование во договор со родителите односно старателите, а согласно со прописите од областа на јавните набавки, може за сите ученици да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот, односно старателот.Училиштето им нуди на првата општа родителска средба, но за тоа нема зинтересирани.

6.Хигиена и заштита од болести

Дежурните ученици ги вршат следните работи:

- ја прегледуваат училницата и ги пријавуваат евентуалните штети и заборавени предмети кај дежурниот наставник;
- последни ја напуштаат училницата водејќи сметка за инвентарот, прозорците и приборот што наставникот го остава во училницата;
- води грижа за хигиената во училницата
- ги пријавуваат на одделенскиот раководител, учениците кои се отсутни и оние кои го нарушуваат редот и дисциплината во паралелката и учениците кои направиле штета.
- во случај на отсуство на одделенскиот раководител, ги пријавуваат учениците кои го нарушуваат редот и дисциплината во паралалеката и учениците кои направиле штета кај стручните соработници.

За време на големите одмори учениците се должни да престојуваат во дворот на училиштето (освен доколку временските услови тоа не го дозволуваат) и таму ја јадат храната. Забрането е внесување и консумирање храна и пијалоци во училницата.Учениците се должни да го чуваат инвентарот и да внимаваат на естетскиот изглед на училиштето, да се грижат за хигиената,а отпадоците се должни да ги фрлаат во корпите за отпадоци во училниците и ходниците.

Дежурниот наставник е должен пред влегувањето на учениците да го провери делот каде што дежура и доколку забележи некои оштетувања на инвентарот или хигиената во просториите не е задоволувачка, за тоа веднаш да пријави кај директорот или секретарот. Дежурните наставници го организираат дисциплинираното влегување на учениците во училиштето, нивното однесување за време на одморите и се грижат да не доаѓа до оштетување на објектот или инвентарот во училиштето се до завршувањето на наставата во таа смена.

Хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите во училиштето и во спортската сала пред отпочнувањето на наставата како истата би се одвивала во нормални хигиенски услови.

За време на одржувањето на наставата се должни после секој одмор да ги чистат ходниците, скалите и тоалетите, а задолжително после големиот одмор да се празнат и корпите за отпадоци од секоја училница како и да се чисти училишниот двор.

По завршувањето на наставата хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите во училиштето и спортската сала во целост.

Хигиеничарите се задолжуваат два пати месечно да ги бришат прозорците во училишните згради.

За обавување на курирската служба задолжен е работник од помошно – техничкиот персонал кој ќе го назначи директорот на училиштето.

Во своето работно време хаус мајсторот е должен секојдневно да врши проверка на инвентарот и секоја штета да ја отклони.

Ако штетата не е во состојба да ја отклони е должен на време да ги запознае директорот и секретарот на училиштето.

Хаусмајсторот е должен да се грижи за зелените површини во централното и подрачните училишта (косење на тревата и друго хортикултурно уредување на дворовите).

Хигиеничарите се должни да се грижат и за хортикултурното уредување на училишните дворови.

Хигиеничарите треба еднаш неделно (во понеделник) до директорот на училиштето во писмена форма да доставува извештај за хигиената и исправноста на инвентарот во училниците за кои се задолжени да ги одржуваат.

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно со закон.

Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите.

Училиштето се грижи за здравјето на учениците преку обезбедување информации базирани на научни и медицински сознанија, промовирање на почитување на различностите, човековите права и еднаквоста меѓу половите, во соработка со родителите и училишниот совет.

Самозаштита во образовните институции:

Според Правилникот за содржината и начинот на справување на обучувањето за самозаштита во образовните институции обучувањето опфаќа наставни теми поврзани со: природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои се природни ненонтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет икултурното наследство), други несреќи (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер).

Во основното образование, наставните теми за обучување за самозаштита се интегрираат во одделни наставни програми по задолжителните предмети, а може да се реализираат и како изборни предмети или преку воннаствни активности.

Училиштето, во рамките на својата годишна програма за работа, планира реализација на содржини за обучување за самозаштита, вклучувајќи практични активности, вежби и симулации. Училиштето го определува точниот број на часови, начинот и динамиката на реализација, во согласност со возраста на учениците, од најмалку 12 наставни часови, а најмногу 18 наставни часови во текот на учебната година.

Содржините и активностите поврзани со обучувањето за заштита во основното образование се реализираат во текот на учебната година, во различни форми, вклучително преку интегрирани наставни теми, проекти, практични вежби, симулации, денови за вежбање и други облици на активна вклученост на учениците.

Почитување на куќниот ред од училиштето

7.Грижа за безбедноста на учениците и вработените

Училиштето има свој Куќен ред според кој на учениците им е **забрането** да пушат или да консумираат алкохолни и енергетски пијалаци и се забранува внесување на опасни, запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на учениците, вработените и училиштето.

Во рамките на **Програмата за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци**, училиштето реализира активности преку задолжителните и изборните предмети, со интегрирање на содржини кои се однесуваат на штетноста и последиците од употреба на овие супстанци. Содржините се резлизираат преку едукативни и интерактивни игри и работилници, прикази на реални случаи, проекција на видеа што ја

прикажуваат опасноста и последиците од злоупотребата, како и интерактивни дискусии и квизови за препознавање на ризично однесување.

Во рамки на други активности училиштето организира спортски и рекреативни активности за квалитетно користење на слободното време; работилници за градење отпорност на врснички притисок и развивање вештини за донесување здрави одлуки и избори, работилници за емоционална интелигенција, самоконтрола и справување со стрес без користење штетни супстанци; клубови и волонтерски активности како алтернатива на ризично однесување и учество во кампањи за здрав живот и безбедна средина.

Советодавната работа се спроведува преку индивидуални разговори со ученици кои покажуваат знаци на злоупотреба или се под ризик, советување за лична самоконтрола, емоционална стабилност и друго.

Учениците подготвуваат и реализираат кампањи, едукативни видеа и јавни активности за промоција на здрави стилови на живот; иницираат спортски и рекреативни активности, со цел промоција на здрав начин на живот; спроведуваат анкети и истражувања за навиките на младите и предлагаат мерки за подобрување.

За вработените и родителите се организираат активности за препознавање на знаци на злоупотреба и интервенција; воспоставување на систем за координација со стручната служба и следење на ученици под ризик; програми за јакнење на самодоверба, справување со стрес и градење на здрави навики, кампањи и јавни активности за промоција на здрав живот и информирање за штетноста на супстанците, соработка со здравствени установи, локални центри за превенција и експерти за зависности.

- Училиштето редовно презема мерки за заштита и спасување пред настанување пожар: одржување на сите уреди, инсталации и постројки вградени во објектот (електрични, грејни, громобрански); редовно одржување во исправна и функционална состојба на уредите, инсталациите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар (протвпожарни апарати, внатрешна и надворешна хидрантска мрежа.); запознавање на вработените со причините за настанување на пожар, превентивните мерки за заштита од пожар и практична примена на уредите, инсталациите и средствата за заштита и гаснење на пожар (ПП-апарти, хидрантски приклучоци и др.)
- Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видно место доколку дојде до несакана ситуација и за нив има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.
- Училиштето има изработено план за евакуација на училиштето при елементарни непогоди, во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. Скиците за евакуација се прегледно нацртани и поставени на видни места во ходниците на училиштето. Со истите се запознаваат и учениците и повремено се упатуваат на начинот на евакуација од училиштето. Еднаш годишно се реализира и вежба за симулација на напуштање на училишната зграда во случај на елементарна непогода.
- Согласно **Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции**, преку реализираните активности за обучување за самозаштита, треба да стекнат знаења, вештини и ставови поврзани со следниве подрачја и содржини:

  препознавање и разбирање на основните поими и видови на природни, техничко
  - технолошки и други опасности;
  - препознавање на причините, карактеристиките и можните последици од различни ризични настани;
  - примена на превентивни и оперативни мерки за лична и колективна заштита и спасување;
  - запознавање со средствата и опремата што се користи при заштита и спасување;
  - развивање на способности за соодветно реагирање преку учество во практични активности, симулации и вежби за постапување во ризични ситуации.

- Училиштето во рамките на својата годишна програма за работа, планира реализација на содржини за обучување за самозаштита, вклучувајќи практични активности, вежби и симулации.
- Училиштето има инсталирано видео надзор и алармен уред, а соработува со полициската станица во Кривогаштани.

8.Грижа за учениците од социјално загрозените семејства

Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи.

Во училиштето има пропишана процедура – одлука за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, што бараат вложување дополнителни средства. На овие ученици им се обезбедува училишен прибор, им се партиципира трошокот за екскурзии (целосно или делумно), се обезбедуваат други средства, притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и деловната заедница. Исто така во сето тоа се вклопуваат Програмата за подмладок на црвен крст, Програмата за работа на ученичката заедница и Акциискиот план за оштествено - корисна и хуманитарна работа кои во своите активности планираат и реализираат хуманитарни акции за собирање материјални средства (храна, облека, обувки).

9.Грижа за учениците со здравствени проблеми

На почетокот на секоја учебна година преку одделенските раководители се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до одделенскиот раководител или стручните соработници.

- За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, одделенскиот раководител или стручните соработници ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности.
- Доколку учениците имаат здравствени проблеми кои подразбираат подолготрајно отсуство, учениците и родителите се упатуваат на разговор кај стручните соработници и врз основа на состојбата се регулира случајот според постојната законска регулатива.
- За учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, инклузивниот тим предлага процедури за поддршка во учењето. По потреба и во договор со семејството на ученикот, тимот организира посета и поучување на ученикот од страна на соученици.

Доколку има потреба Училиштето организира воспитно-образовен процес во домашни услови како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно лекување.

За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа.

Родителот, односно старателот го известува училиштето за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.

Основно образование во здравствени установи и во домашни услови, го реализира основното училиште каде што е запишан ученикот преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.

10.Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците

Грижата за социо-емоционалната добросостојба на учениците претставува еден од најважните аспекти на современото образование. Во услови на брзи општествени промени, зголемен стрес и различни предизвици со кои се соочуваат младите, училиштето повеќе не е само место за стекнување знаење, туку и простор за развој на личноста, емоциите и социјалните вештини.

Социо-емоционалната добросостојба подразбира способност на ученикот да ги препознава и разбира сопствените емоции, да воспоставува здрави односи со другите и да се справува со секојдневните предизвици. Меѓутоа, многу ученици се соочуваат со различни емоционални тешкотии, како што се анксиозност, несигурност, стравови или чувство на осаменост. Овие состојби често се манифестираат преку промени во однесувањето – повлекување, агресија или намалена мотивација за учење. Затоа, од особена важност е наставниците навреме да ги препознаат овие знаци и да реагираат со разбирање и поддршка.

Поддршката на учениците со емоционални тешкотии треба да биде внимателна, емпатична и прилагодена на нивните потреби. Наставникот има клучна улога во создавање безбедна и прифатлива средина, каде ученикот ќе се чувствува слободен да ги изрази своите чувства без страв од осуда. Преку разговор, охрабрување и позитивен пристап, учениците можат постепено да ја изградат својата самодоверба и да развијат механизми за справување со стресот. Во овој процес значајна е и соработката со родителите, кои треба да бидат информирани и вклучени во поддршката на детето и во домашни услови.

Во ситуации кога училиштето не може самостојно да обезбеди соодветна помош, потребно е ученикот да се упати до релевантни институции, како што се советувалишта, здравствени установи или центри за социјална работа. Ваквата соработка овозможува сеопфатен пристап кон проблемот и обезбедува стручна помош која е неопходна за надминување на потешкотиите.

Покрај интервенцијата, од големо значење е и превенцијата. Социо-емоционалното учење претставува ефикасен начин за развој на вештини кај учениците, како што се самосвест, самоконтрола, емпатија и комуникација. Преку различни активности – дискусии, игри, групна работа и работилници – учениците учат како да ги разберат своите емоции и како да изградат позитивни односи со врсниците. Овие вештини не се важни само за училишниот успех, туку и за животот воопшто.

Училиштето, како институција, треба да создаде средина што го поддржува менталното здравје. Тоа подразбира јасни правила, меѓусебно почитување, спречување на насилство и поттикнување на отворена комуникација. Кога учениците се чувствуваат безбедно и прифатено, тие полесно учат, се развиваат и ги надминуваат тешкотиите.

11.**Професионална ориентација**

Професионалната ориентација претставува важен процес во животот на секој ученик, кој му помага да ги препознае сопствените интереси, способности и вредности, со цел да донесе информирана одлука за својата иднина. Во современото општество, каде изборот на професии е широк и постојано се менува, правилната насока и поддршка се од клучно значење за успешен личен и професионален развој.

Процесот на професионална ориентација започнува уште во раните училишни години, но особено значење добива во основното и средното образование, кога учениците се соочуваат со избори кои ќе влијаат врз нивниот понатамошен образовен и кариерен пат. Во овој процес, учениците треба да стекнат подобро разбирање за себе – своите интереси, таленти, силни страни, но и ограничувања. Самопознавањето е првиот чекор кон правилен избор на професија.

Покрај самопознавањето, важно е учениците да добијат информации за различни професии, нивните карактеристики, условите за работа и потребното образование. Ова може да се постигне преку разговори, презентации, посети на институции, средби со професионалци

и користење на различни тестови за професионална ориентација. На тој начин, учениците развиваат реална слика за светот на трудот и можностите што им стојат на располагање.Во нашето училиште се промвираат средните училишта коии ќе пројават желба да ги презентираат своите струки.

На учениците им се споделува конкурсот за упис во средно училиште,им се помага за пресметување на бодови,се спроведува прашалник за нивните желби и интереси и според тоа им се даваат совети за понатамошно образование.

Наставниците и стручните соработници имаат значајна улога во овој процес. Тие ги наочуваат учениците, да ги охрабруваат и да им помогнат да донесат одлуки кои се во согласност со нивните способности и интереси, а не само под влијание на околината или моменталните трендови.

Средните училишта вршат свои презентации за струките каде што можат да се запишат учениците.

Подеднакво важна е и улогата на родителите, кои треба да дадат поддршка, но и да им дозволат на децата самостојно да го изберат својот пат.

Професионалната ориентација не значи само избор на професија, туку и развој на вештини за донесување одлуки, критичко размислување и планирање на иднината. Таа им помага на учениците да станат посамостојни, посигурни и подготвени за предизвиците што ги носи современиот пазар на труд.

12. Редовност на учениците

Училиштето има системска улога во следење на редовноста. Водењето евиденција, анализа на причините за отсуство и навремена интервенција се неопходни за превенција на долгогодишни проблеми со учењето. Редовното известување и соработка со родителите и старателите, како и со институции како Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, локалната самоуправа и граѓанските организации, создава систем на поддршка кој им помага на учениците да се вклучат во наставата без пречки.

Посебно внимание се посветува на учениците од ранливи категории. Тие често се соочуваат со предизвици кои ги ограничуваат во редовното присуство и напредок. За овие ученици се преземаат посебни мерки, како индивидуална поддршка, консултации со психолог и педагог и организирање дополнителни активности за нивно активно вклучување во наставата

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

За секое изостанување на ученикот од настава родителот односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот односно старателот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

Директорот на училиштето по писмено барање на родителите односно старателите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена или патување на ученикот во странство.

Процедури при неоправдано отсуство

- Пријавување на ученик кој е неоправдано отсутен
- Преземање соодветни мерки согласно правилникот за однесување
- Следење и работа со ученици кои отсуствуваат поради здравствени причини, со цел да се овозможи нивно активно вклучување во наставата

Интервенција и поддршка

- Разговор со ученикот за утврдување на причините за отсуството
- Вклучување на родителите/старателите и информативна поддршка
- Соработка со релевантни институции:
    - Министерство за труд и социјална политика (МТСП)

- Центри за социјална работа
- Локална самоуправа
- Граѓански организации

13.**Поддршка на надарени и талентирани ученици**

Поддршката на надарените и талентирани ученици е значаен дел од образовниот процес. Преку системски пристап и соработка помеѓу училиштето и родителите, се создаваат услови за развој на нивните способности и остварување на нивниот целосен потенцијал.

Препознавањето на надареноста е првиот чекор кон обезбедување соодветна поддршка. Наставниците, како најблиски до учениците во образовниот процес, имаат клучна улога во забележување на нивните способности преку нивното учество, интерес и постигнувања. Понекогаш, надареноста се манифестира не само преку високи оценки, туку и преку креативно размислување, љубопитност или специфични таленти во одредени области.

Откако ќе се идентификуваат, овие ученици имаат потреба од индивидуализиран пристап. Стандардната настава често не е доволно предизвикувачка за нив, па затоа е важно да се понудат дополнителни активности, напредни задачи и можности за истражување. Вклучувањето во натпревари, проекти и воннаставни активности им овозможува да ги прошират своите знаења и да го изразат својот потенцијал.

Тим за изработка на Процедура за поддршка на ученици:

1.Анета Гулабоска –психолог
2.Весна Аџеска –наставник
3.Татјана Петреска -наставник
4.Габриела Ликоска –наставник

В.д. директор:

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани, април, 2026 година.